# Образложение за неконсолидираните резултати
# за период 01.01. - 31.12.2023

## Сметководствени политики и методи на вреднување

Во период за известување нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи на Современ дом АД Прилеп.

## Вкупни приходи

Современ дом АД Прилеп во периодот од 01.01 до 31.12.2023 година оствари вкупни приходи од 129.647 илјади денари кои се помали за 12,83% во однос на истиот период во 2022 година. Во овој период остварен е позитивен финански резултат во нето износ од 20.655 илјади денари и споредбено со истиот период од минатата година е зголемен за 16%.

## Вкупни расходи

Вкупните расходи изнесуваат 108.992 илјади денари и истите се намалени за околу 16% во однос на истиот период во 2022 година.

## Исплатени дивиденди

Со Одлука на Собрание на акционери на Современ дом АД Прилеп од 30.05.2023 година, нето добивката во износ од 17.826.210 денари се распредели за нови инвестиции (реинвестирана добивка). Не е донесена одлука за исплата на дивиденда.

## Исполнувања на планот и очекувања за претстојниот период

Современ дом АД Прилеп и во 2024 година планира да го задржи трендот на остварување на позитивен финансиски резултат со целосна определба на зголемување на обемот на работата.